# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 15 ноември 2002
Скопје
Број 85 Год. LVIII

Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 300000000188798


**1392.**

Врз основа на член 86, став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Поради престанок на функцијата се разрешуваат од членови на Советот за безбедност на Република Македонија:
- Стојан Андов,
- Љубчо Георгиевски,
- Љубе Бошковски,
- д-р Владо Поповски и
- Слободан Чашуле.

II

За членови на Советот за безбедност на Република Македонија се именуваат:
- м-р Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија,
- Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија,
- Хари Костов, министер за внатрешни работи,
- д-р Владо Бучковски, министер за одбрана и
- д-р Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1360
7 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**1393.**

Врз основа на член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Се верифицира мандатот на пратениците:
- Весна Борозан,
- Благородна Мингова-Крепиева,
- Нелко Стојаноски,
- Киро Дојчиноски,
- Сашо Дохчев,
- Емилија Костадинова,
- Благоја Гешоски,
- Гајур Сарач,
- Недим Мемишоски,
- Замир Дика и
- Абдулади Вејсели.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4055/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1394.**

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ**

1. За заменици на министри во соодветни министерства се именувани:
- Ризван Зулфи Сулејмани, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана,
- Фатмир Зеќир Дехари, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи,
- Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,
- д-р Димко Кокароски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии,
- Џеладин Шатку, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,
- Бесир Јашари, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- д-р Никола Пановски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство,
- д-р Тале Герамитчиоски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука,
- Максуд Али, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика,
- Тања Алтанџиева, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,
- Мелпомени Корнети, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,
- Дејан Кошутиќ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и
- Драгољуб Матовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4056/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**1395.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 227 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ ДЕЛЕГАЦИИ, ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ И ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се уредуваат основањето, составот и работата на постојаните делегации на Собранието на Република Македонија во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации, пратеничките групи за соработка со други парламенти и други облици за остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието).

### I Постојани делегации во меѓународните парламентарни собранија

Член 2

Се основаат следниве постојани делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија (во натамошниот текст: делегации):

- Делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

- Делегација во Парламентарното собрание на Организацијата за европска безбедност и соработка (ПС ОБСЕ);

- Делегација во Интерпарламентарната унија (ИПУ);

- Делегација во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ) и

- Делегација во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација, со статус на придружна делегација (ПС НАТО).

Делегациите се основаат заради учество во работата на меѓународни парламентарни собранија.

Член 3

Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа се состои од шеф на Делегацијата, двајца члена и тројца заменици членови на Делегацијата.

Акредитивите на членовите и замениците членови на Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа ги издава претседателот на Собранието на Република Македонија, најдоцна седум дена пред отпочнувањето на редовното годишно заседание на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Мандатот содржан во акредитивот од став 2 на овој член не може да се отповика, освен во случаите наведени во актите на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Член 4

Делегацијата во Парламентарното собрание на Организацијата на безбедност и соработка во Европа се состои од шеф на Делегацијата и двајца члена.

Член 5

Делегацијата во Интерпарламентарната унија се состои од претседателот на Собранието, кој е шеф на Делегацијата и четири члена.

Делегацијата се состои од пратеници од различен пол.

Член 6

Делегацијата во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива се состои од шеф и двајца члена.

Член 7

Делегацијата во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација се состои од шеф и двајца члена.

Член 8

Делегациите определуваат членство, односно учество на нивните членови во раководните тела, комисиите, другите работни тела и облици на дејствување на меѓународните парламентарни собранија.

Член 9

Во делегациите за кои во согласност со оваа одлука не се определуваат заменици членови, во отсуство на член на делегацијата, се определува заменик за определена активност.

Заменикот од став 1 на овој член го определува пратеничката група на која што и припаѓа членот кој што се заменува, за што координаторот на пратеничката група навремено го известува шефот на соодветната делегација.

Во случај на спреченост на шефот на делегацијата, тој определува член на делегацијата кој ќе ги врши работите на шеф на делегацијата за определена активност.

Член 10

Право на учество во активностите на меѓународните парламентарни собранија по истекот на мандатот на Собранието, а до избор на нова делегација, имаат делегациите во меѓународните парламентарни собранија во чии акти тоа е изрично утврдено.

Член 11

Делегациите работат во согласност со актите на Собранието и актите на меѓународните парламентарни собранија чиишто се членови.

Член 12

Во врска со прашањата кои се разгледуваат во меѓународните парламентарни собранија и други активности во кои делегациите учествуваат, делегациите соработуваат со надлежните работни тела на Собранието, како и со надлежните органи на државната управа, со стручни и научни организации, здруженија на граѓани и други организации и институции.

Во врска со актите и активностите на меѓународните парламентарни собранија чиишто членови се, делегациите можат да покренат разгледување на одредени прашања на седници на работните тела на Собранието и на седници на Собранието и во врска со нив да покренуваат иницијативи за донесување закони, декларации, резолуции, препораки, одлуки и други акти.

Делегациите го информираат Собранието и надлежните органи на државната управа, за донесените акти на меѓународните парламентарни собранија, и кога е тоа потребно, предлагаат преземање соодветни активности заради нивно остварување.

Член 13

Делегациите ги информираат претседателот и потпретседателите на Собранието, како и координаторите на пратеничките групи за рамковната програма на нивните активности за идната година најдоцна до 1 декември тековната година.

### II Повремени делегации

Член 14

Заради остварување на соработка со меѓународни парламентарни собранија во кои Република Македонија не е член или учество на други активности од областа на меѓународната соработка, се основаат повремени делегации на Собранието.

Член 15

Составот на повремените делегации го определуваат претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи.

Член 16

На работата на повремените делегации соодветно се применуваат членовите 11 и 12 на оваа одлука.

**III Пратенички групи за соработка со други парламенти**

Член 17

Заради остварување на билатералната парламентарна соработка, се основаат пратенички групи за соработка со парламенти на други држави (во натамошниот текст: пратенички групи).

При основањето на пратеничките групи се поаѓа од изразените заемни интереси за остварување и развој на соработка меѓу парламентите.

Пратенички групи можат да се основаат за соработка со парламенти на една или на повеќе држави.

Член 18

Пратеничките групи имаат претседател и најмногу осум члена.

Член 19

Пратеничките групи дејствуваат преку остварување средби со пратеничките групи, односно делегации на соодветните парламенти, размена на мислења, заемна соработка во активностите во меѓународните парламентарни собранија и други начини на дејствување.

Пратеничките групи го следат и поттикнуваат развојот на севкупните односи меѓу Република Македонија и соодветната држава и остваруваат средби со претставниците на соодветните држави во Република Македонија.

Член 20

Пратеничките групи, по потреба, соработуваат со постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија, со надлежните работни тела на Собранието, како и со надлежните органи на државната управа, со стручни и научни организации, здруженија на граѓани и други организации и институции.

**IV Други облици на остварување на меѓународната соработка**

Член 21

Заради учество во Парламентарното собрание на Франкофонијата, пратениците кои говорат француски јазик и ќе се изјаснат за членство во Секцијата, основаат секција на Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата (во натамошниот текст: секција).

Секцијата донесува правила со кои се уредува работата на Секцијата, нејзините тела и на делегацијата во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Член 22

Конститутивната седница на Секцијата ја свикува претседателот на Собранието.

Член 23

На работата на делегацијата на Секцијата во Парламентарното собрание на Франкофонијата соодветно се применуваат членовите 11, 12 и 13 на оваа одлука.

**V Заеднички одредби**

Член 24

Во составот на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи за соработка со други парламенти се обезбедува соодветна застапеност на пратениците од пратеничките групи и независните пратеници, како и соодветна застапеност на пратениците од различен пол.

Во постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија се избираат пратеници кои знаат еден од службениците јазици на соодветните парламентарни собранија.

Член 25

При определувањето на составот на повремените делегации се води сметка за карактерот на организацијата, односно активноста во која учествува делегацијата, како и во најголема можна мера, за соодветната застапеност на пратениците од пратеничките групи и независните пратеници, како и застапеноста на пратеници од различен пол.

Член 26

Заради остварување на нивните активности, делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка можат да бараат информации и други материјали од надлежните органи на државната управа.

Член 27

Делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка го информираат Собранието за нивните активности и поднесуваат извештај до претседателот на Собранието.

Член 28

Делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка ги информираат средствата за јавно информирање за нивните активности.

Член 29

Делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка по потреба одржуваат состаноци.

Член 30

Стручните работи за делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка ги вршат секретарите на делегациите, од редот на вработените во Службата на Собранието, а по потреба се формираат и секретаријати.

Во врска со активностите на делегациите, пратеничките групи и другите облици на меѓународна соработка секретарите, односно секретаријатите од став 1 на овој член, соработуваат со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија, соодветните служби на други парламенти и на други меѓународни организации и институции.

**VI Преодни и завршни одредби**

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/94) и Правилата за работа на Пратеничката група.

Член 32

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4058/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1396.**

Врз основа на член 60 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За генерален секретар на Собранието на Република Македонија, се именува

дипл. правник Александар Новакоски, адвокат од Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4061/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1397.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/98 и 98/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА**

1. За генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, се именува

Гордана Стошиќ, главен и одговорен уредник на ТВ Скајнет, Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4062/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1398.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, се разрешува Фиданчо Стоев, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4063/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1399.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО РАДОВИШ**

1. Од функцијата судија на Основниот суд во Радовиш, се разрешува Лазар Георгичков, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4064/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1400.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во апелационите судови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ ВО БИТОЛА, СКОПЈЕ И ШТИП**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:

- еден судија на Апелациониот суд во Битола,
- еден судија на Апелациониот суд во Скопје и
- еден судија на Апелациониот суд во Штип.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над девет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весникот „Нова Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4065/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1401.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во основните судови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО КРИВА ПАЛАНКА, РАДОВИШ, ГОСТИВАР, ПРИЛЕП, СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ И ТЕТОВО**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:

- еден судија на Основниот суд во Крива Паланка,
- еден судија на Основниот суд во Радовиш,
- еден судија на Основниот суд во Гостивар,
- двајца судии на Основниот суд во Прилеп,
- еден судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје и
- еден судија на Основниот суд во Тетово.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весникот „Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4066/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1402.**

Врз основа на член 48 од Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2002), а во врска со член 47 од Законот, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

I. За членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, се именуваат:

-м-р. Слаѓана Тасева, магистар по правни науки, член на невладината организација "Транспарентност-Македонија";

- Вања Михајлова, дипломиран правник од Скопје;
- Драган Малиновски, адвокат од Скопје;
- Јован Трпеноски, адвокат од Скопје;
- Сами Асани, дипл. еконимист од Тетово;
- Нервет Хисмани, дипл. правник од Тетово и
- Михајло Маневски, заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4067/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1403.**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 104/2000, 30/2001, 50/2001 и 11/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

I. За членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, се именуваат:

- претставници на осигурениците:

1. Стојан Ковачевски, лекар-специјалист интернист;
2. Магдалена Антова-Велевска, лекар-специјалист;
3. проф. д-р Софија Тодорова, професор на Правниот факултет во Скопје;
4. д-р Никола Стојановски, пензионер;
5. д-р Имер Имери, лекар од с. Чегране и
6. Насер Бајрами, дипл. правник, секретар во општина Шипковица;

- претставници од работодавците:

1. Темелковски Пере, сопственик на приватна фирма од Велес и
2. Андреја Зафировиќ, сопственик на приватна стоматолошка ординација во Скопје;

- претставници од здравствените установи, на предлог на коморите од областа на здравството:

1. проф. д-р Никола Силјановски, раководител на одделението на индуктивна хемотерапија и интензивна нега на Клиниката за хематологија при Клиничкиот центар во Скопје;
2. проф. д-р Јулијана Ѓоргова, секретар на Стоматолошката комора на Македонија и
3. дипл. фарм. специјалист Цане Талевски, претседател на Фармацевтската комора на Македонија;

- претставник од Министерството за здравство
- д-р Авзиљатир Џемаиљи, доктор по стоматологија и
- претставник од Министерството за финансии
- Анита Ангеловска- Бежоска, раководител на сектор Трезор во Министерството за финансии.

II. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4068/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**1404.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 227 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ДЕЛЕГАЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Член 1

Се основа Делегација за соработка со Европскиот парламент (во натамошниот текст: Делегација).

Делегацијата се основа заради остварување политички дијалог и соработка со Европскиот парламент.

Член 2

Делегацијата се состои од претседател, заменик на претседателот и седум члена.

Во составот на Делегацијата се обезбедува соодветна застапеност на пратениците од пратеничките групи и независните пратеници, како и соодветна застапеност на пратениците од различен пол.

Член 3

Делегацијата остварува средби со соодветната делегација на Европскиот парламент, на кои се разгледуваат прашања од заеднички интерес.

Делегацијата остварува и други активности заради развивање на парламентарниот политички дијалог и унапредување на соработката со Европскиот парламент.

Член 4

Делегацијата работи во согласност со актите на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание) и спогодбите кои Република Македонија ги склучила со европските заедници.

Член 5

Делегацијата, во врска со нејзините активности, соработува со надлежните работни тела на Собранието, особено работното тело надлежно за прашањата на европската интеграција, како и со надлежните органи на државната управа, со стручни и научни организации, здруженија на граѓани и други организации и институции.

Во врска со односите и соработката на Собранието со Европскиот парламент, како и покренатите прашања на средбите со соодветната делегација на Европскиот парламент, делегацијата може да покрене разгледување на одредени прашања на седници на Собранието и неговите работни тела и во врска со нив да покренува иницијативи за донесување закони, декларации, резолуции, препораки, одлуки и други акти.

Член 6

Заради остварување на нејзините активности, Делегацијата може да бара информации и други материјали од надлежните органи на управата.

Член 7

Делегацијата го информира Собранието за нејзините активности и поднесува извештаи до претседателот на Собранието.

Член 8

Делегацијата ги информира средствата за јавно информирање за нејзините активности.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4059/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1405.**

Врз основа на член 78 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се основа Комитет за односи меѓу заедниците (Комитет) и се утврдува бројот на членовите на Комитетот и неговата надлежност.

Член 2

Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието македонци и албанци и по еден член од редот на пратениците турци, власи, роми, срби и бошњаци.

Доколку некоја од заедниците нема пратеници, народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

Член 3

Собранието со одлука ги избира членовите на Комитетот.

Комитетот од редот на своите членови избира претседател.

Член 4

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката, а особено:

- го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;
- разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти од оваа област;
- укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;
- разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;
- остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;
- остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и
- остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

Член 5

Комитетот за прашањата од својата надлежност на Собранието му дава мислења и предлози за нивно решавање.

Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив.

Член 6

Во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката за гласање во Собранието утврдена со член 69 став 2 од Уставот, Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите, за тоа дали ќе се спроведе постапката.

Член 7

Комитетот може да донесе деловник за својата работа.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4060/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1406.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 115 ставови 1 и 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието) се основаат постојани работни тела за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието, за следење

на извршувањето на актите на Собранието како и за проучување и претресување на други прашања од негова надлежност.

Претседателите, замениците на претседателите, членовите на работните тела и нивните заменици се избираат од редот на пратениците во Собранието.

Во работата на работните тела учествуваат претседателот и членовите на работното тело, а во случај на нивна спреченост за присуство на седницата на комисијата, определуваат нивен заменик од редот на замениците на членовите на комисијата.

Член 2

Како постојани работни тела на Собранието се основаат:

1. Комисија за уставни прашања;
2. Законодавно-правна комисија;
3. Комисија за одбрана и безбедност;
4. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците;
5. Комисија за надворешна политика;
6. Комисија за прашања на изборите и именувањата;
7. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот;
8. Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање;
9. Комисија за финансирање и буџет;
10. Комисија за економски прашања;
11. Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство;
12. Комисија за транспорт, врски и екологија;
13. Комисија за образование, наука и спорт;
14. Комисија за култура;
15. Комисија за здравство;
16. Комисија за труд и социјална политика и
17. Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

**1. Комисија за уставни прашања**

Комисијата има претседател, шеснаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- спроведување на Уставот;
- предлози за изменување и дополнување на Уставот;
- начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и
- други прашања од уставен карактер.

**2. Законодавно-правна комисија**

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието и
- други прашања што се однесуваат на законодавната дејност и изградувањето на правниот систем во Републиката.

**3. Комисија за одбрана и безбедност**

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- заштита на поредокот утврден со Уставот;
- остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
- одбрана на Републиката и цивилната заштита;
- соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
- производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови за оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- одржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедноста на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај;
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштето и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуваат на одбраната и безбедноста.

**4. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците**

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- функционирање на политичкиот систем;
- менување на границите на Републиката;
- државните симболи и нивната употреба;
- судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
- слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
- лични имиња, лични карти и патни исправи;
- попис на населението;
- системот на јавното информирање;
- право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
- избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;
- референдум;
- локална самоуправа;
- народниот правобранител;
- Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
- одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
- право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
- гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

**5. Комисија за надворешна политика**

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;
- политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;
- стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;
- стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;
- потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;
- ратификација на меѓународни договори;
- меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;
- воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;
- воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;
- иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и
- други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

### 6. Комисија за прашања на изборите и именувањата

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;
- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;
- предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;
- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;
- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;
- предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;
- предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;
- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;
- давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;
- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;
- донесување акти за кои е овластена од Собранието;
- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;
- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;
- ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;
- определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;
- одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;
- давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и
- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

### 7. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

Комисијата има претседател, осум члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;
- следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;
- соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот;
- соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот и
- други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

### 8. Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање

Комисијата има претседател, осум члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;

- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

### 9. Комисија за финансирање и буџет

Комисијата има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
- даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем;
- монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
- сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
- други прашања што се однесуваат на финансирањето.

### 10. Комисија за економски прашања

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење;
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
- мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

### 11. Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
- арондацијата комасацијата и мелиорацијата;
- сточарството, полјоделството, овоштарство и лозарството;
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
- хидромелиоративните системи и хидрометеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

### 12. Комисија за транспорт, врски и екологија

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиособраќајот;
- жичарите и ски-лифтовите;
- системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
- станбеното и комуналното стопанисување;
- заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
- обезбедување услови за здрава животна средина;
- спречување на штетната бучава;
- заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
- други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

### 13. Комисија за образование, наука и спорт

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;
- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;
- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;
- создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;
- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;
- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;
- образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;
- поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;
- едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;
- развој и унапредување на физичката култура;
- развојот на врвниот спорт и
- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот.

### 14. Комисија за култура

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- организацијата, развојот и унапредувањето на културата;

- заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;
- збогатување на историското и уметничкото творештво;
- афирмирање и заштита на врвни културни вредности;
- афирмација и заштита на авторството и авторското право;
- дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;
- издавачка дејност и библиотекарство;
- споменично одбележување и заштита на спомениците на културата;
- употреба и заштита на македонскиот јазик;
- информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;
- определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;
- начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;
- активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и
- други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

**15. Комисија за здравство**

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
- производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала , медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
- санитарниот и здравствениот надзор и
- други прашања што се однесуваат на здравството.

**16. Комисија за труд и социјална политика**

Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

**17. Комисијата за деловнички и мандатно -имунитетни прашања**

Комисијата има претседател, осум члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:
- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/98).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4057/1
12 ноември 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

---

**1407.**

Врз основа на член 128 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98 и 19/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ВОДИТЕ - СКОПЈЕ**

1. Д-р Александар Лепавцов се разрешува од должноста директор на Фондот за водите - Скопје, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5580/2
11 ноември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1408.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА**

1. За државен секретар во Министерството за правда се именува Бари Шабани, адвокат од Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5582/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1409.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

1. За државен секретар во Министерството за надворешни работи се именува Ристо Никовски, досегашен амбасадор на Република Македонија во Тирана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5583/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1410.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

1. За државен секретар во Министерството за финансии се именува Ванчо Каргов, директор на Дирекцијата за финансиско сметководствени работи во Народна банка на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5584/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1411.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

1. За државен секретар во Министерството за економија се именува Ѓорѓи Петрушев, раководител за контрола и деловен развој во Македонска банка за поддршка на развојот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5585/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1412.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

1. За државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се именува м-р Санде Џамбазовски, директор на ЗЗ „Слога“ - Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5586/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1413.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

1. За државен секретар во Министерството за здравство се именува Авзилатиф Џемаили, доктор на стоматологија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5587/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1414.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

1. За државен секретар во Министерството за образование и наука се именува д-р Зоран Поповски, асистент на Земјоделскиот факултет во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5588/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1415.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

1. За државен секретар во Министерството за труд и социјална политика се именува д-р Ацо Јаневски, вработен во Одделот за истражување во ОХИС - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5589/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1416.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. За државен секретар во Министерството за локална самоуправа се именува Пламен Георгиевски, советник во Секретаријатот за прописи и организација на управата на град Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5590/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1417.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. За државен секретар во Министерството за транспорт и врски се именува Ерол Бектеши, директор на Трговското претпријатие „MIAMI“ - Куманово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5591/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1418.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 ноември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

1. За државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање се именува Кирил Настески, дипл.инж. архитект.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-5592/1 Претседател на Владата
11 ноември 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**1419.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 98/2000), министерот за труд и социјална политика донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКО ОДМОРАЛИШТЕ „МАЛЕШЕВО“ - БЕРОВО**

1. Се дава согласност на одредбите од Статутот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Малешево“ - Берово што го донесе Управниот одбор на Јавната установа за деца - Детско одморалиште на седницата одржана на 24.07.2002 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-3-43/13
6 септември 2002 година Министер,
Скопје **Бедредин Ибраими**, с.р.

**1420.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Вирче - Општина Делчево.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премерот и катастарот на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-4037/1 Директор,
13 ноември 2002 година **Мирче Горговски,** с.р.
Скопје

**1421.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Миокази - Општина Вранештица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премерот и катастарот на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-4038/1 Директор,
13 ноември 2002 година **Мирче Горговски,** с.р.
Скопје

# *Огласен дел*

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, во тек е постапка за утврдување на право на сопственост на стан на бул. “Октомвриска Револуција“ бр. 12/4-15 со површина од 51,30м$^2$, поведена по тужбата на тужителот Ванчо Утковски од Скопје, бул. “Октомвриска Револуција“ бр. 12/4-15, против тужениот Мирко Ѓермановиќ, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Мирко Ѓермановиќ, да се јави во судот во рок од 30 дена, од објавувањето на овој оглас и во истиот рок да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужениот или негов полномошник не се јават во овој рок, постапката ќе продолжи преку посебен старател, адвокатот Никола Миловановиќ од Скопје, ул. “Питу Гули“ бр. 70, поставен на тужениот со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, бр. 3020-522 од 15.10.2002 година, кој ќе го застапува тужениот се додека тој или негов полномошник не се јават во судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIV. П. бр. 3019/2001. (29578)

---

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак, по тужбата на тужителот Мирвет Буши од Скопје, ул. “Козле-1“ бр. 48, против тужениот Сулејман Буши од Скопје, моментално на привремена работа во Белгија, со непозната адреса. Вредност на спорот, неопределна.

За посебен старател на тужениот Сулејман Буши е поставен Киро Дамевски, адвокат од Скопје, кој ќе ги штити неговите интереси во постапката се до правосилно завршување на истата или до негово јавување пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XV. П. бр. 1451/02. (30056)

---

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба за развод на брак, од тужителката Ана Ангеловска од Скопје, против тужениот Зоран Талевски, со непозната адреса на живеење.

За посебен старател кој тужениот ќе го застапува пред овој суд со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, под бр. 3020-538 од 31.10.2002 година, поставен е адвокатот Фани Михајловска од Скопје.

Се предупредува тужениот, дека привремениот застапник ќе го застапува во постапката по предметниот спор, се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, се до правосилното окончување на постапката по предметниот спор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIII. П. бр. 2507/2002. (30190)

---

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба, за раскинување на договор за подарок, од тужителката Милака Симоновска од Скопје, против тужениот Георги Симоновски, со непозната адреса на живеење во Нов Зеланд.

За привремен застапник, кој ќе го застапува тужениот пред овој суд, со решение бр. 1308/02 од 30.10.2002 година, поставен е адвокатот Љубица Спасовска од Скопје.

Се предупредува тужениот, дека привремениот застапник ќе го застапува во постапката по предметниот спор, се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, а до правосилното окончување на постапката по предметниот спор.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIII. П. бр. 1308/2002. (29694)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак, по тужба на тужителот Ѓунер Рамадан од Скопје, ул. “Шуто Оризари“ бр. 88, против тужената Елвире Рамадан со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Елвире Рамадан да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и во истиот рок да ја достави сегашната адреса на живеење. Доколку не се јави во определениот рок ќе и биде поставен времен старател кој ќе ги штити нејзините интереси до окончување на постапката или до нејзиното јавување во судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, II. П. бр. 2347/02. (29636)

---

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак, по тужба на тужителот Малиќи Ајдин од с. Средно Коњаре-Скопје, против тужената Мерем Ајдин, сега со непозната адреса.

Со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје-Скопје, бр. 3020-557 од 05.11.2002 година, за посебен старател на тужената Мерим Ајдин од Скопје, сега со непозната адреса на живеење е поставена Багеска Љиљана, адвокат од Скопје, ул. “Рузвелтова“ бр. 46-2-9. Посебниот старател ќе ја застапува тужената пред судот и ќе ги штити нејзините интереси во поведената постапка, се додека тужената или нејзиниот полномошник не се јави пред судот, а до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII. П. бр. 2022/02. (29657)

---

Пред овој суд се води постапка за исполнување на договор по тужба на тужителот “Универзал Комерц“-Миљаим ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, против тужените Невена Анчева, Трајанка Крстева, Миле Стојановски и Трпа Петрушевска, која е со непозната адреса.

Се повикува тужената Трпа Петрушевска, во рок од 10 дена по приемот, односно по објавувањето на огласот лично или со писмен поднесок да го извести судот за нејзиното живеалиште. Во спротивно, во постапката судот ќе и определи привремен застапник од редот на адвокатите, кој ќе ги заштитува нејзините интереси во спорот, до правосилното завршување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XIII. П. бр. 2484/02. (29703)

---

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје, се води парнична постапка за поништување на договор за доживотна издршка, заведена под VI. П. бр. 1607/01, оформена по тужба на тужителката Риса Лукова од Скопје, преку законскиот старател Георги Лусев од Скопје, против тужениот Тасо Трифун од Харапо-Серес, Република Грција, сега со непознато живеалиште.

Се повикува тужениот Тасо Трифун, да се јави во судот лично или преку полномошник, во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас во “Службен весник на РМ“. Во спротивно, се известува дека во постапката, до нејзино правосилно завршување ќе биде застапуван од адвокатот Мирјана Јосифовиќ, ул. “Питу Гули“ бр. 70 од Скопје, која е определена за посебен односно привремен старател со решени на МЦСР на град Скопје, бр. 3020-65 од 06.02.2002 година.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, VI. П. бр. 1607/2001. (29951)

ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Основниот суд во Велес, во парничниот предмет П. бр. 937/02, по предлог на тужителот Димов Антонио од Велес, против тужената Волосевич Викторија, со непозната место на живеење и престојување, за привре-

мен застапник го постави стручниот соработник во Основниот суд Велес, Биљана Јачева, согласно чл. 78 ст. 2, точка 5 од ЗПП.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет, се додека тужената или нејзин полномошник не се јави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П. бр. 937/02.

(29744)

---

Основниот суд во Велес, во парничниот предмет П.бр. 972/02 по предлог на тужителот Бачевац Менсур од с. Горно Оризари, против тужените Фазлагиќ Џемо и Фазлагиќ Зулфи и двајцата со непознато место на живеење и престојување, за привремен застапник на тужените Фазлагиќ Џемо и Фазлагиќ Зулфи, го постави стручниот соработник во Основниот суд Велес, Биљана Јачева, согласно чл. 78 ст. 2 т. 5 од ЗПП.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет, се додека тужените или нивни полномошник не се јави пред судот, односно се додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 972/02. (30354)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар, се води постапка за развод на брак, по тужба на тужителот Велиу Нехат од с. Форино, Гостиварско, застапуван од полномошникот Хабиљ Иљази, адвокат од Гостивар, против тужената Велиу, родена Далипи Азбије од с. Форино, сега со непозната адреса во САД.

Бидејќи тужената Велиу, родена Далипи Азбије е со непозната адреса во САД, со решение на овој суд П. бр. 791/2002 од 07.11.2002 година, поставен и е привремен застапник и тоа адвокатот Бесим Реџепи од Гостивар, кој ќе ја застапува тужената се додека истата, не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека и поставил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 791/2002.

(29704)

---

Пред Основниот суд во Гостивар, заведен е спор за развод на брак по тужба на тужителот Таири Јетон од с. Добридол, поднесена против тужената Таири родена Имери Мердије од с. Добридол. Вредност неопределена.

На тужената Таири родена Имери Мердије од с. Добридол, а сега со непозната адреса на живеалиште и престој во странство и се поставува привремен застапник лицето Шефајет Хајдари, адвокат од Гостивар, кој што ќе ги застапува интересите на тужениот додека таа или нејзин полномошник или застапник не се јави на главната расправа пред овој суд, односно се додека органот за старателство не им постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 469/02.

(29645)

---

Пред Основниот суд во Гостивар, се води процесна постапка за развод на брак по тужба на тужителката Белули, родена Ризаи Џарије од с. Беловиште, против тужениот Белули Имран од с. Беловиште. Вредност неопределена.

Бидејќи тужениот Белули Имран е со непозната адреса во Република Италија за привремен застапник му е поставен Таип Елези, адвокат од Гостивар, кој ќе го застапува тужениот Имран се додека не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му поставил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 780/02.

(29647)

Пред Основниот суд во Гостивар, се води парнична постапка по тужба на тужителот Јакупи Намик од с. Чајле против тужениот Муслиу Имради, Муслиу Бујар и Муслиу Џемаил од с. Чајле.

Бидејќи прво тужениот е застапуван од полномошник адвокат Агим Мислими од Гостивар додека пак второ и трето тужениот подолго време се во странство и на судот не му е позната адресата на истите по предлог на тужителот да за второ и трето тужениот се постави привремен застапник, судот го прифати предлогот на тужителот и за привремен застапник на второ тужениот Муслиу Бујар и трето тужениот Муслиу Џемил го поставува Агим Мислими адвокат од Гостивар.

Од Основниот суд во Гостивар. (29747)

---

Пред Основниот суд во Гостивар по предлог на предлагачот Ибиши Шерифе од с. Трново Гостиварско, поднесен преку полномошникот Богданоска Јагода адвокат од Гостивар, се води постапка за докажување на смрта на лицето Бајрами Хамди од татко Халит и мајка Неврије, роден 1985 година во с. Трново - Гостиварско.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Бајрами Хамди во рок од 15 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ“ и на огласната табла во Основниот суд во Гостивар, да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот исто така ги повикува сите оние лица кои нешто знаат за неговиот живот тоа да го соопштат до Основниот суд во Гостивар.

Доколку повиканото лице не се јави по истекот на определениот рок ќе се смета дека е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 298/2002.

(30355)

---

Пред Основниот суд во Гостивар по предлог на предлагачот Дилавер Зулфиќари од с. Равен, со постојано место на живеење во Гостивар на ул. „Борче Јовановски“ бр. 65, се води постапка за докажување на смрт на лицето Муесер Зулфиќари од с. Равен, од татко Шериф Бајрами и мајка Васфије Бајрами, родена Тефику, родена 19.1.1949 година во с. Здуње - Гостиварско.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Муесер Зулфикари во рок од 15 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ“ и на огласната табла во Основниот суд во Гостивар, да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот исто така ги повикува сите оние лица кои нешто знаат за нејзиниот живот тоа да го соопштат до Основниот суд во Гостивар.

Доколку повиканото лице не се јави по истекот на определениот рок ќе се смета дека е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, Р. бр. 291/2002.

(30356)

## ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Пред Основниот суд во Дебар е заведена парнична постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Илми Муса од Дебар, против тужената Неире Муса од Дебар, сега со непозната адреса на живеење во Германија.

Се повикува тужената Неире Муса, да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас пред судот. Доколку не се јави во определениот рок, ќе и биде поставен привремен застапник за спроведување на постапката, за развод на брак.

Од Основниот суд во Дебар, П. бр. 125/02.

(30039)

## ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Основниот суд во Прилеп заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Незире Мамудоска од Прилеп, против тужениот Ахмед Мамудоски со непозната адреса во Австрија.

Се повикува тужениот да се јави во овој суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или пак да достави своја адреса на живеење. Доколку во определениот рок истиот не се јави ниту пак определи свој полномошник, неговите интереси до правосилноста на постапката ќе ги застапува застапник што ќе го назначи овој суд.

Од Основниот суд во Прилеп, П. бр. 967/2002.

(29648)

## ОСНОВЕН СУД ВО РАДОВИШ

Пред Основниот суд во Радовиш, се води постапка за развод на брак, по тужбата на тужителот Алексов Ѓорги од с. Лубанци, против тужената Цветанка Алексова од с. Лубанци, која е со непознато живеалиште на времена работа во Грција.

Се повикува тужената Цветанка Алексова од с. Лубанци, да се јави пред овој суд во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на овој оглас или во тој рок на судот да му достави точна адреса. Доколку, истата не се јави во тој рок ќе и биде поставен привремен застапник, а тоа ќе биде лицето Злата Костадиновска, стручен соработник при овој суд, која ќе ги застапува интересите на тужената, се додека таа или нејзин полномошник не се јави пред овој суд.

Од Основниот суд во Радовиш, П. бр. 408/02.

(29975)

## ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителката Душанка Тодоровска од с. Златари, сега во Австралија, преку полномошникот адвокат Сашо Василевски, против тужениот Лазе Головодовски од с. Златари сега во Австралија со непозната адреса на живеење. Вредност 40.000,00 денари.

Се повикува тужениот Лазе Головодовски од с. Златари, сега во Австралија со непозната адреса на живеење, во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на судот да достави точна адреса или да одреди свој полномошник.

Во спротивно, судот по службена должност ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува неговите права и интереси, се до окончување на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен, П. бр. 124/2000.

(29646)

## ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица, се води постапка за развод на брак по тужба на тужителката Мемедова Залифе од с. Иловица, против тужениот Мемедов Мефаил од Струмица, со непозната адреса.

Се повикува тужениот Мемедов Мефаил да се јави во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот. За привремен застапник на тужениот се назначува Силвана Бајрактарова, стручен соработник во Основниот суд во Струмица.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник, а тие права и должности ќе ги врши се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Струмица, П. бр. 443/02.

(29668)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Ферати Неби Адемгафур од с. Жеровјане, против Муслија Абдилазис, Рефик и Јусуф сите од с. Пирок.

Тужените Јусуф и Рефик се на привремена работа во странство и истите се повикуваат во рок од 15 дена од објавувањето на огласот да се јават на судот и постават свој застапник, или достават адреса. Ако не го сторат тоа во овој рок, судот ќе им постави времен застапник кој ќе го води спорот во нивно име.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 700/2002.

(29973)

---

Пред Основниот суд во Тетово, се води спор за утврдување на сопственост, по тужба на тужителот Омери Имер од с. Челопек, против тужените Зеќири Назми од с. Челопек и Мамутовски Алитов Самија од с. Челопек, сега со непознат адреса во странство.

Се повикува тужениот Мамутовски Алитов Самија од с. Челопек, сега со непозната адреса во странство да се јави во судот, да достави своја сегашна адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во постапката. Во спротивно, доколку не се јави во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас, судот преку Центарот за социјални работи ќе му постави времен старател кој ќе го застапува до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 801/2002.

(29974)

---

Пред Основниот суд во Тетово, се води постапка поради сопственост, по тужба на тужителот Костовска Славица од Тетово, против тужените Петко Петковиќ и Коцана Јовановиќ, двајцата од Тетово, а сега со непозната адреса во СРЈ.

Бидејќи тужените Петко Петковиќ и Коцана Јовановиќ се со непозната адреса, за истите да биде објавен оглас во "Службен весник на РМ", во рок од 15 дена од објавувањето, се јават во судот или да одредат свој полномошник. По протекот на овој рок, на истите ќе им биде поставен времен старател кој ќе ги застапува нивните интереси се до окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 966/2002.

(30035)

---

Пред Основниот суд во Тетово, во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителот Селими Азбије родена Велији од с. Шемшево-општина Јегуновце, против тужениот Селими Беким од с. Челопек, со непозната адреса во Швајцарија.

Се повикува тужениот Селими Беик од с. Челопек, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", да се јави во Основниот суд во Тетово или да овласти свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа Тетово, ќе му постави времен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси, до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 729/2002.

(30036)

---

Пред овој суд води спор АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВАРДАР СКОПЈЕ, за надомест на штета, против Арифи Бујар од Тетово, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Бујар, во рок од 15 дена, по објавувањето на огласот, да се јави во судот, достави адреса или свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен времен старател кој ќе го води спорот во негово име.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 790/02.

(30037)

---

Пред Основниот суд во Тетово, се води спор за сопственост по тужба на тужителот Љутвии Ахмет од с. Челопек, против тужениот Демири Реџеп Азби од с. Челопек, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Демири Рецеп Азби од с. Челопек, во рок од 15 дена, по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и достави своја точна адреса или овласти полномошник во постапката. Во спротивно, судот преку ЦСР Тетово, ќе му постави времен старател, кој ќе го застапува во постапката до нејзино правосилно окончување.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 811/02.

(30038)

---

Пред Основниот суд во Тетово се води спор за утврдување на татковство од тужителот Османи Садик од с. Новаке, против Османи Шеризаде од Тетово. Вредност 10.000,00 денари.

Тужената Шеризаде Османи и Шоип Османи се со непозната адреса. Се повикува тужената Османи Шеризаде од Тетово и Шоип Османи, да се јават во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена.

Доколку во овој рок не се јават и не одредат свој полномошник, судот ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 918/2002.

(29669)

---

Од страна на Мемети Мемет од с. Џепчиште се води спор против Јашари Ејуп Јонуз од с. Џепчиште и др.

Тужениот Јонуз е со непозната адреса во странство. Се повикува истиот да во рок од 15 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот и достави адреса или постави свој полномошник. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе го води спорот во негово име.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 580/2002.

(29670)

## ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Во Основниот суд во Штип, се води постапка за утврдување на сопственост по тужба на тужителите Гуњов Константино, Гуњова Гордана и Ќолев Добре, сите од Штип, против тужениот Алачки Ќирил, со непозната адреса на престој во СР Германија.

Се повикува тужениот Алачки Кирил, во рок од 30 дена, по објавувањето на огласот да се јави во судот и достави адреса на престојувалиштето во СР Германија или определи свој полномошник или застапник кој ќе го застапува во постапката. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката, се додека самиот не се јави во судот или негов полномошник, или застапник.

Од Основниот суд во Штип, П. бр. 510/01. (29997)

---

Се повикува Џавид Шакиров со непозната адреса на живеење и престојување во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во "Службен весник на РМ", да се јави во судот, да достави точна адреса на живеење или престојување или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката поведена пред Основниот суд Штип по тужба на тужителката Ферихан Шакирова од Штип, против тужениот Џавид Шакиров од Штип, за развод на брак. Доколку во определениот рок тужениот не се јави, не достави точна адреса или не определи свој полномошник судот ќе му определи привремен застапник кој ќе го застапува во овој спор.

Од Основниот суд во Штип, П.бр. 562/2002.

(29649)

---

Основниот суд во Штип објавува дека со решение П. Трег. бр. 312/01 од 29.10.2002 година решението П. Трег. бр. 312/01 од 29.05.2001 година се надополнува така што:

Имотот што се води на ТП Доне Ристо Митев од Струмица, а кој се состои од деловен простор работна хала во КО Струмица во м.в. Град на КП. бр. 2136/2 со површина од 182,12м$^2$ на ул. „Гоце Делчев" во Струмица се доделува на сопственикот Доне Ристо Митев од Струмица.

Од Основниот суд во Штип, П.трег. 312/01. (29752)

---

Во судскиот оглас од Основниот суд во Тетово заведен под бр. 908/2002 година, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 84/2002 година направена е техничка грешка, наместо: Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 908/02, треба да стои: Од Основниот суд во Тетово, П.бр. 908/02.

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Штип во Штип, со решението П. Трег. бр. 126/2002 од 28.03.2002 година, во регистарската влошка бр. 03008116?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на ТП на Трговецот поединец Фроси-пром Славица Мите Николова ТП ул. "Крсте Митев" бр. 27, Штип.

Се брише уписот на Трговец поединец Фроси-пром Славица Мите Николова ТП ул. "Крсте Митев" бр. 27, Штип од трговскиот регистар на надлежниот суд.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 126/2002. (20142)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П. Трег. бр. 490/2002 од 13.05.2002 година, во регистарската влошка бр. 6-03000315-000-01, го запиша во трговскиот регистар бришењето на ТП на Трговецот-поединец Атанас Бранко Ангеловски ТП с. Град, Делчево.

Се брише уписот на Трговец-поединец Атанас Бранко Ангеловски ТП с. Град, Делчево од трговскиот регистар.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 490/2002. (20143)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П. Трег. бр. 447/2002 од 20.05.2002 година, во регистарската влошка бр. 03000895?-01-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на ТП на Трговецот-поединец Петре Тодор Николовски ТП ул. "Острец" бр. 81, Делчево.

Се брише уписот на Трговец-поединец Петре Тодор Николовски ТП ул. "Острец" бр. 81, Делчево од трговскиот регистар.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 447/2002. (20145)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П. Трег. бр. 409/2002 од 27.05.2002 година, во регистарската влошка бр. 03002062?-6-09-000, го запиша во трговскиот регистар бришењето на ТП на Трговецот поединец Арсов Петре Томчо ТП с. Црн камен-Виница.

Се брише Трговец поединец Арсов Петре Томчо ТП с. Црн камен-Виница со дејност на работа на ресторани и гостилници (без соби за сместување), која истиот ја вршеше во вид на занимање преку истоимената фирма.

Од Основниот суд Штип во Штип, П.Трег. бр. 409/2002. (20146)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението П. Трег. бр. 479/2002 од 10.05.2002 година, во регистарската влошка бр. 0300500?-6-01-000, го запиша во тр-

